**Битола, 04.11.2025**

**ПРЕЛИМИНАРЕН ИЗВЕШТАЈ МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР - БИТОЛА**
**ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2025 – ВТОР КРУГ**

Младински културен центар- Битола имаше акредитирано вкупно **23** волонтери за домашно набљудување на изборите. Од нив, за набљудување во вториот круг во општина Могила **4 набљудувачи** подигнаа материјали и беа распоредени за набљудување на 2 ноември 2025 година.

Набљудувачите беа распоредени во мобилни тимови (составени од двајца набљудувачи) и тоа:
2 мобилни тимови за општина Могила

Вкупниот број на избирачки места во општина Могила е 23. Мобилните тимови на МКЦ-Битола набљудуваа на вкупно **23 ИМ**, што претставува покриеност од **100%.** Две избирачки места на отварање, 19 избирачки места во текот на изборниот ден и две избирачки места на затворање и при процесот на броење.

**Прелиминарната оценка на МКЦ-Битола за изборниот ден за вториот круг во општина Могила е дека изборниот ден помина во мирна и демократска атмосфера, граѓаните слободно можеа да ја изразат својата волја и да го остварат своето гласачко право.**

Во текот на изборниот ден набљудувачите забележаа изолирани неправилности кои не влијаат на конечниот исход на изборите. Од нивните извештаи се нотирани следните неправилности:

**Општина Могила:**
ИМ 182: нарушена тајноста на гласањето во еден случај. Еден гласач гласаше јавно и можеше да се види за кого гласал, а членовите на Избирачкиот одбор иако реагираа, немаше време за да го спречат.

ИМ 191: при започнување на процесот на броење, на неискористените гласачки ливчиња не им беше откинат долниот десен агол и не беа ставени во посебен плик, пред отворањето на гласачката кутија.

ИМ 192: при започнување на процесот на броење, на неискористените гласачки ливчиња не им беше откинат долниот десен агол и не беа ставени во посебен плик, пред отворањето на гласачката кутија.

ИМ 216: несоодветна просторија за избирачкото место, просторот беше многу мал и тесен.

ИМ 218: присуство на полиција внатре во избирачкото место, иако не беше повикана од ИО. Полицијата ги легитимираше нашите набљудувачи внатре во избирачкото место.

Домашното набљудување на Локалните избори 2025 е во рамките на проектот „Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2" финансиран од Европската Унија.

Младински културен центар – Битола

***************************************************************************

„Активни граѓани за фер и транспарентни локални избори" е проект спроведуван од Младински културен центар – Битола. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2"  финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.